Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по историја за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ИСТОРИЈА

IX ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2015

## 1 . НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ

Предметот историја има значајно место во воспитно - образовниот процес во основното деветгодишно образование учениците со оштетен вид треба да усвојуваат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења. Тие треба да стекнат основно разбирање на минатото и сегашноста на историјата на цивилизациите и нејзините главни етапи. Изучувањето на историјата треба да изгради свест и позитивни ставови на одредени историски настани, движења, личности во историската борба за демократија и човекови права.

Наставта по историјата исто така дава придонес во изградувањето на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, да им помага на младите да ја разбираат сегашноста во светлината на минатото и се она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократијата, како и да го продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

Неделен фонд на часови: 2 часа
Годишен фонд на часови: 72 часа
Статус на предметот: задолжителен

## 2 . ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

*Ученикот /ученичката:*

- да усвојува основни знаења за значајните настани, појави, процеси и личности кои оставиле трага во историјата на човештвото;
- да ги открива причинско-последичните врски на историските појави и развивање на критичкото мислење кон општествено - економските процеси низ сите историски развојни процеси;
- да ги спознава општествените процеси и промените кои се развиваат преку историските случувања;
- да ја сфати врската меѓу економските, политичките и социјалните односи во одделните општества низ историскиот развој;
- да го осознае историското минато со цел да ја разбере сегашноста, за да знае да ја креира иднината на сопствениот живот;
- да развива чувство на патриотизам кон својот народ и својата татковина, а истовремено да ги почитува историските, општествените и економските вредности и разлики на народите во светот;
- да знае да ги распознава културните и верските разлики меѓу народите;
- да разива чувство на почит и лојалност кон Република Македонија;
- да развива свест за сопствениот национален идентитет;
- да знае правилно да ги согледува настаните и процесите во сопствената историја и компаративно да ја согледува историјата на балканските и европските народи;
- да се поттикнува на меѓуетничко разбирање во Република Македонија и почит меѓу Македонците, Албанците, Турците и припадниците на другите заедници како и со народите на Балканот, Европа и светот преку изучување на историјата и културата на различните народи и држави;

- да го почитува историското и културното наследство на Македонија и другите народи и да развива почит за културните вредности;
- да гради свест за почитување на човековите права и слободи.

## 3 . ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

*Ученикот /ученичката:*

- учениците да ги користат и соодветно да ги употребуваат суштинските поими и термини карактеристични за овој историски период како што се: колонијализам, фронт, толеранција, антанта, централни сили, фашизам, националсоцијализам, студена војна, агресија, болшевизам, диктатура, тоталитаризам, малцинство, федерација, иселеништво, устав, комунизам, капитулација, миграција, национализација, деколонизација, окупација, инвазија, блоковска поделба, плурализам, колективизација, индустријализација;
- да ги издвојуваат настаните, процесите, промените и личностите карактеристични за светот, Европа, Балканот и Македонија од почетокот на Првата светска војна до денес;
- да ги наведуваат причините за големите воени судрувања на државите во XX век и последиците за одделни народи и за човештвото во целина;
- да ги објаснуваат причините за распаѓањето на големите империи во Европа и колонијалните сили во светот и настанувањето на новите држави по Првата и Втората светска војна, како последица на тој процес;

- да ги поврзуваат одделните демократски и тоталитарни системи во Европа и светот со нивните појавни карактеристики;
- информирани се за постојните меѓународни институции кои работат за чување на мирот, меѓународната соработка и разбирање, за јакнењето на правата и слободите на граѓаните, за толеранција и решавање на конфликтите и за афирмирање на другите вредности на граѓанското општество;
- да ги воопштуваат карактеристиките на "студената војна" по Втората светска војна, блоковската поделба, пропаѓањето на тоталитарниот комунистички режим и ги објаснуваат позитивните страни на современите интеграциони процеси во Европа и пошироко во светот;
- да го познаваат животот на македонскиот народ во поделена Македонија, да ја сфаќаат политичката дискриминација и национална асимилација во периодот меѓу двете светски војни, да го објаснуваат континуитетот и етапите на борбата за национална и социјална слобода за обезбедување државност;
- да ги издвојуваат основните придобивки од антифашистичката и националноослободителната борба на македонскиот народ во текот на Втората светска војна;
- да ги наведуваат причините и последиците од распаѓањето на СФРЈ, раздружувањето на Македонија од СФРЈ без војна и почетокот на осамостојувањето на Република Македонија во економски, политички и културен поглед;
- да ги посочуваат аспектите на брзиот развој на науката, појавата и улогата на нови технологии во производството, комуникациите и нивното влијание на севкупниот живот на човекот - граѓанин на планетата Земја.

**4.** КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: ИСТОРИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| 1. ЕВРОПА, БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (ориентационо 7 часа) | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката**<br>- Учениците да ги осознаат причините за војната и да ги разликуваат од нејзиниот повод;<br>- Да ги објаснуваат најосновните карактеристики на оваа војна и нејзините последици;<br>- Да знаат за Версајскиот мировен договор. | ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Антанта<br>Централни сили<br>Франц Фердинанд<br>Гаврило Принцип<br>„Млада Босна“<br>Западен, Источен и Јужен фронт | Разговор за причините за Првата светска војна и за поводите поради кој се случила, како и за последиците од истата,<br><br>Пишување на есеј на Брајово писмо за Франц Фердинанд и Гаврило Принцип,<br><br>Читање на текстови на Брајово писмо или во зголемен и здебелен фонд за Версајскиот мировен договор,<br>Разговор за двата сојузи, Антантата и Централните сили, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за учеството на балканските држави на страната на двата сојузи;<br>- Да ја опишуваат положбата на цивилното население;<br>- Да ги сфатат последиците од војната за балканските земји. | БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ И НАРОДИ ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Македонски (Солунски) фронт<br>Династија Караѓорѓевиќ<br>Елефтерос Венизелос<br>Крал Константин<br>„Голема Грција“<br>„Голема Романија“<br>Албанија –северен дел Централни сили<br>Јужен дел на Албанија – силите на Антантата | Разговор за учеството на балканските држави на страната на двата сојузи,<br>Читање на текстови на Брајово писмо кои зборуваат за последиците од војната за балканските земји,<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Династија Караѓорѓевиќ, Елефтерос Венизелос, Крал Константин, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за положбата на македонскиот народ во позадината на фронтот;<br>- Да ги осознаат последиците од војната за македонскиот народ. | МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Македонски колонии во Русија<br>Димитрија Чуповски<br>Крсте Мисирков<br>Списание „Македонски глас“<br>Наце Димов<br>Тодор Александров | Разговор за положбата на Мекедонија и македонскиот народ за време на Првата светска војна,<br>Како и разговр за последиците од војната за македонскиот народ.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Македонски колонии во Русија.<br>Пишување на есеј на Брајово писмо за Димитрија Чуповски,<br>Крсте Мисирков, Списание „Македонски глас“, Наце Димов<br>Тодор Александров, |
| - Да знаат за меѓународнатата положба на Албанија во текот на Првата светска војна и за нејзиното учество во истата (Албанците под окупацијата на Австро-Унгарија и | АЛБАНИЈА ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Иса Болетини,<br>Дед Ѓон Љуљи<br>Темистокли Гермељи<br>Сали Бутка<br>Азем Галица<br>Шоте Галица<br>Идриз Сефери | Разговор за положбата на Албанија во првата светска војна, како и за нејзиното учество во истата.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Иса Болетини, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бугарија);<br>- Дазнаат за отпорот на Албанците против освојувачите | | | Дед Ѓон Љуљи, Темистокли Гермењи, Сали Бутка, Азем Галица, Шоте Галица, Идриз Сефери. |
| **2. СВЕТОТ. ЕВРОПА И БАЛКАНОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (ориентационо 12 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката**<br><br>- Да ги знаат последиците од Версајскиот мировен договор;<br>- Да ги воочат и осознаат основните појави и процеси на меѓународен план (економски кризи, фашизмот нацизмот);<br>- Да ги сфатат промените во секојдневниот живот на луѓето по војната. | СВЕТОТ ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Фашизам<br>Нацизам<br>Расизам<br>Антисемитизам<br>Антикомунизам<br>Експанзионизам<br>Мала Антанта<br>Балканска Антанта<br>Економска криза<br>Бенито Мусолини<br>Адолф Хитлер<br>Франклин Рузвелт<br>Сталин | Разговор за последиците од Версајскиот мировен договор и за светот по завршувањето на Првата Светска Војна.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Фашизам, Нацизам,Расизам, Антисемитизам, Антикомунизам, Експанзионизам.<br><br>Пишување на есеј на Брајова писмо за Бенито Мусолини, Адолф Хитлер, Франклин |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Шпанска граѓанска војна<br>Пакт Рибентроп-Молотов | Рузвелт, Сталин. |
| - Да знаат за промените кои се случувале во Турција како последица од Првата светска војна;<br>- Да ја сфатат модернизацијата на турското општество и улогата на Кемал Мустафа Атататурк. | ТУРЦИЈА СТАНУВА РЕПУБЛИКА | Кемал Мустафа Ататурк<br>Грчко-турска војна<br>Севрски мировен договор<br>Лозански мировен договор | Разговор за промените кои се случувале во Турција како последица на Првата светска војна,<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Кемал Мустафа Ататурк,<br>Грчко-турска војна, Севрски мировен договор, Лозански мировен договор. |
| - Да ги сфатат причините и начинот на формирањето на Кралството СХС;<br>- Да знаат за | СОЗДАВАЊЕ НА КРАЛСТВОТО СХС | Анте Трумбиќ<br>Крал Александар Караѓорѓевиќ<br>Никола Пашиќ<br>Григорие | Разговор за причините и начинот на формирањето на кралството СХС.<br><br>Слушање на аудио материјали за: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| противречностите со кои било оптоварено Кралството на СХС на економски и политички план. | | Хаџиташковиќ<br>Бановини<br>Стјепан Радиќ | Анте Трумбиќ,<br>Крал Александар Караѓорѓевиќ,<br>Никола Пашиќ,<br>Григорие Хаџиташковиќ,<br>Бановини,<br>Стјепан Радиќ. |
| - Да знаат за состојбите во Бугарија , нејзиниот политички систем и меѓународната положба;<br>- Да знаат за внатрешните состојби и меѓународните односи на Грција. | БУГАРИЈА И ГРЦИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ | Царот Борис III<br>Георги Димитров<br>Александар Стамболиски<br>Александар Цанков<br>Јоанис Метаксас | Разговор за состојбите во Бугарија, нејзиниот политички систем и меѓународна положба.<br>Разговор за внатрешните состојби и меѓународните односи на Грција. |
| - Да знаат за конгресите во Драч и Љушња;<br>- да знаат за | АЛБАНИЈА ОД 1918 - 1928 ГОДИНА | Сулејман Делвина<br>Елез Исуфи<br>Бајрам Цури<br>Авни Рустеми | Разговор конгресите во Драч и Љушна, за албанското прашање на мировната конференција. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| албанското прашање на мировната конференција;<br>- да знаат за ослободителните востанија на Албанците против туѓите окупатори и за конечното меѓународно признавање на Албанија;<br>- да знаат за Јунската револуција во Албанија (1924) и за Албанската република. | | Фан Ноли | Слушање на аудио материјали за ослободителните востанија на Албанците против туѓите окупатори и за конечното меѓународно признавање на Албанија,<br>Читање на текстови изготвени на Брајово писмо или со зголемен и здебелен фонт за Јунската револуција и за Албанската Република. |
| - Да знаат за воспоставувањето на Кралството и за економско- | КРАЛСТВОТО АЛБАНИЈА<br>ОД 1928 - 1939 ГОДИНА | Крал Ахмет Зогу I<br>Фан Ноли<br>Ѓерѓ Фишта<br>Александер | Разговор за Кралството Албанија од 1928 до 1939 година ,<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| политичките односи во истото;<br>- Да ја објаснуваат меѓународната положба на Албанија. | | Дренова | програм во врска со Крал Ахмет Зогу I , Фан Ноли, Ѓерѓ Фишта Александер Дренова, Шоте Галица, Ферат Драга. |
| - Да знаат за влијанието на аграрната реформа и колонизацијата на Кралството СХС (Југославија) врз албанското население;<br>- да знаат за политиката на насилно иселување на Албанците (во Турција и Албанија);<br>- да ја објаснуваат просветно-културната политика на власта кон Албанците;<br>- да знаат за формите | ПОЛОЖБАТА НА АЛБАНЦИТЕ ВО КРАЛСТВОТО НА СХС | Шоте Галица<br>Ферат Драга | Разговор за положбата на Албанците во кралството на СХС.<br><br>Читање на текстови на Брајово писмо во врска со влијанието на аграрната реформа и колонизација во Кралството СХС врз албанското население.<br><br>Разговор за формите на отпорот на Албанците против власта.<br><br>Разговор за карактеристиќите на граѓанското општество, за просветата, книжевноста, издавачката дејност и уметноста. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на отпор на Албанците против власта.<br><br>- Да ги објаснуваат карактеристиките на граѓанското општество;<br>- - Да знаат за просветата, књижев-носта, издавачката дејност и уметноста. | КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ ПРИЛИКИ КАЈ АЛБАНЦИТЕ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ | Луиѓ Гуракуќи<br>Александар Хуваљи<br>Мигени<br>Асдрени | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Луиѓ Гуракуќи,<br>Александар Хуваљи, Мигени, Асдрени. |

| 3. МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (Ориентационо 7 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- Да знаат за односот на политичките режими на Југославија, Грција, Бугарија и Албанија кон посебноста на македонскиот народ;<br>- Да знаат за положбата на македонскиот народ во соседните држави;<br>- Да ги толкуваат низ конкретните состојби поимите: денационализација и асимилација, колонизација, раселување и интернација. | МАКЕДОНЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ | Димитар Влахов<br>Никола Вапцаров<br>Ѓорче Петров<br>Димо Хаџидимов<br>Арсени Јовков<br>Тодор Александров<br>Иван (Ванчо) Михајлов<br>Методија Шаторов<br>Шарло<br>Симеон Кавракиров | Разговор за односот на политичките режими на Југославија, Грција, Бугарија и Албанија кон посебноста на македонскиот народ,<br>Читање на текстови на Брајово писмо во врска со положбата на македонскиот народ во соседните држави,<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Поимите денационализација, асимилација, колонизација, раселување и интернација. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за состојбите во македонското националноослободително движење во услови на неговото дејствување во различни држави;<br>- да знаат за начините на делување и програмските цели на најважните организации и групи на македонското националноослободително движење. | МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ | Ѓорче Петров<br>Димо Хаџидимов<br>Петар Поп Арсов<br>Ангел Динев<br>Александар Стамболиски<br>Александар Цанков<br>Димитар Влахов<br>Панко Брашнаров<br>Методија Шаторов Шарло | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Димитар Влахов<br>Никола Вапцаров<br>Ѓорче Петров<br>Димо Хаџидимов<br>Арсени Јовков<br>Тодор Александров<br>Иван (Ванчо) Михајлов<br>Методија Шаторов Шарло<br>Симеон Кавракиров.<br><br>Разговор за состојбите македонското национално ослободително движење во услови на неговото дејствување во различни држави,<br>Слушање на аудио материјали во врска со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да ги сфатат причините за неповолната меѓународна положба на македонскиот народ;<br>- Да знаат за решавањето на македонското национално прашање во рамките на меѓународните конференции и организации и за односот на големите сили.<br><br>- Да знаат за засилениот процес на афирмација на македонската национална свест;<br><br>- да знаат за најважните творци и творби на Македонците со кои | МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ<br><br>АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА СВЕСТ, ЈАЗИК И КУЛТУРА | Методија Шаторов Шарло<br>Стефан и Малина Попиванови<br><br>Којдан Чернодрински<br>Никола Киров Мајски<br>Димитрија Чуповски<br>Крсте Петков Мисирков<br>Кочо Рацин<br>Венко Марковски<br>Коле Неделковски<br>МАНАПО | Ѓорче Петров<br>Димо Хаџидимов<br>Петар Поп Арсов<br>Ангел Динев<br>Александар Стамболиски<br>Александар Цанков<br>Димитар Влахов<br>Панко Брашнаров<br>Методија Шаторов Шарло<br><br>Разговор за македонското национално прашање во рамките на меѓународните конференции и организации и за односот на големите сили.<br><br>Разговор за афирмацијата на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| се афирмирал македонскиот јазик и култура. | | | македонската национална свест.<br><br>Читање на творби на Брајово писмо на Македонци со кои се афирмирал македонскиот јазик и култура.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Којдан Чернодрински<br>Никола Киров Мајски<br>Димитрија Чуповски<br>Крсте Петков Мисирков<br>Кочо Рацин<br>Венко Марковски<br>Коле Неделковски<br>МАНАПО |

| 4. СВЕТОТ, ЕВРОПА И БАЛКАНОТ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (Ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - Да знаат за причините за избувнувањето на Втората светска војна;<br>- да знаат за односот на силите во војната и за пресвртните моменти;<br>- да знаат за крајот и последиците од војната. | ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА од 1939 – 1945 ГОДИНА | Винстон Черчил<br>Франклин Рузвелт<br>Сталин | Разговор за причините за започнување на втората светска војна, за односот на силите во војната и за пресвртните моменти, за крајот и последиците од војната.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Винстон Черчил<br>Франклин Рузвелт<br>Сталин |
| - Да знаат за причините на Холокаустот и антисемитизмот;<br>- да знаат за концентрационите логори и обемот на | ХОЛОКАУСТОТ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Адолф Хитлер<br>„Мојата борба“<br>Холокауст<br>Концентрациони логори | Читање на текстови на Брајово писмо во врска со Холокаустот и концентрационите логори,<br>Слушање на аудио |

| | | | |
|---|---|---|---|
| жртвите на Холокаустот;<br>- да знаат за последиците од Холокаустот. | | | материјали за Адолф Хитлер,<br><br>Посета на Музејот посветен на Холокаустот. |
| - Да знаат за односот на балканските влади кон силите на оската;<br>- да знаат за улогата на балканските држави во окупаторскиот систем. | СИЛИТЕ НА ОСКАТА И БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ | Тројниот пакт | Разговор за силите на оската и Балканските земји,<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Тројниот пакт. |
| - Да знаат за почетокот на војната и | ЈУГОСЛАВИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Цветковиќ – Мачек<br>Милан Недиќ<br>Анте Павелиќ | Разговор за Југославија во почетокот и во текот на Втората светска војна.<br>Слушање на аудио |

| | | | |
|---|---|---|---|
| окупацијата на Југославија;<br>- да ги воочат фашистичките и антифашистички сили на тлото на Југославија;<br>- да знаат за крајот на Втората светска војна во Југославија. | | Јосип Броз Тито<br>АВНОЈ<br>Тито-Шубашиќ<br>Комунистичка партија<br>Сремски фронт | материјали за фашистичките и антифашистичките сили на тлото на Југославија.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Цветковиќ – Мачек<br>Милан Недиќ<br>Анте Павелиќ<br>Јосип Броз Тито<br>АВНОЈ<br>Тито-Шубашиќ<br>Комунистичка партија<br>Сремски фронт |
| - Да знаат за фашистичкиот напад и окупацијата на Грција;<br>- да знаат за текот на војната и за учесниците во неа;<br>- - да знаат за положбата на | ГРЦИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | ЕЛАС (грчка народноослободителна војска)<br>КПГ (Комунистичка партија на Грција)<br>ЕАМ (Грчки ослободителен фронт)<br>Георгиос Папандреу<br>СНОФ<br>(Славјаномакедонски | Разговор за Грција во текот на Втората светска војна. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| цивилното население.<br><br>- Да знаат за причините за стапувањето на Бугарија на страната на силите на оската;<br>- да знаат за појавите на отпор во Бугарија и за положбата на населението;<br>- да знаат за капитулацијата на Бугарија во 1944 и за нејзината преориентација.<br><br>- Да знаат за италијанската и | <br><br>БУГАРИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br>АЛБАНИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА | народноослободителен фронт)<br><br>Цар Борис III<br>Георги Димитров<br><br>Крал Ахмет Зогу I<br>Шефќет Верлаци | <br><br>Разговор за Бугарија во текот на Втората светска војна.<br><br>Разговор за Албанија во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| германската окупација на Албанија;<br>- да знаат за отпорот на албанскиот народ против италијанската и германската окупација;<br>- да ги разликуваат ставовите и деј-носта на одделните политички организации. | ВОЈНА | | текот на Втората светска војна. |
| - Да знаат за окупационите системи (италијански, бугарски и германски) и за положбата на Албанците;<br>- да знаат за борбата | АЛБАНЦИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ГРЦИЈА ВО ВРЕМЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Баталјон „Бајрам Цури“ Партизански одред „Зејнел Ајдини“ | Разговор за Албанците во Југославија и Грција во текот на Втората светска војна. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| против окупаторите;<br>- да знаат за просветата и културата во текот на Втората светска војна. | | | |

| 5. МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (Ориентационо 11 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - Да знаат за текот на окупацијата на Македонија и нејзината поделба на окупациони подрачја;<br>- да знаат за положбата на населението во градот и селото и за неговиот однос кон окупаторите;<br>- да знаат за депортацијата на Евреите од | ОКУПАЦИЈА И ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА | | Читање на тектови на Брајово писмо во врска со окупацијата и поделбата на Македонија.<br>Разговор за положбата на населението во градот и селото и за неговиот однос кон окупаторот.<br>Истражување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонија, за нивната судбина и последиците од Холокаустот спроведен во Македонија. | | | интернет со примена на говорен звучен програм во врска со депортацијата на Евреите од Македонија, за нивната судбина и за последиците од Холокаустот. |
| - Да знаат за видовите на отпор на населението;<br>- да знаат за платформата на одделните политички сили кон националноослободителната борба на македонскиот народ;<br>- да знаат за организирањето и почнувањето на вооруженото востание. | ВООРУЖЕНОТО ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1941 ГОД.) | Методија Шаторов Шарло<br>Скопски народноослободителен партизански одред<br>Боро Петрушевски<br>Прилепски партизански одред „Гоце Делчев“ | Разговор за вооруженото востание во Македонија во 1941 година. |
| - Да знаат за тешкотиите низ кои се развиваше | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| НОБ во 1942/1943 година;<br>- - Да знаат за прераснувањето на вооруженото востание во сенародна ослободителна антифашистичка борба; | НОБ ВО МАКЕДОНИЈА<br>( 1942 – 1944 ) | Михаило Апостолски<br>Комунистичка партија на Македонија<br>Депортација на Евреи<br>АСНОМ<br>Преспанско советување<br>Прв баталјон на Народноослободителната војска на Македонија „Мирче Ацев“ | Разговор за НОБ во Македонија. |
| -<br>- Да знаат за ослободувањето на Македонија од фашистичката окупација;<br>- да знаат за учеството на Македонците во пробивањето на Сремскиот фронт и во ослободителните дејствија на север од Југославија. | ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА И УЧЕСТВОТО НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ОСЛОДУВАЊЕТО НА ЈУГОСЛАВИЈА | Алексо Демниевски Бауман | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со ослободувањето на Македонија од фашистичката окупација, за учеството на македонците во пробивањето на Сремскиот фронт. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за положбата на Македонците во Пиринска Македонија;<br>- - да знаат за националноослободителните стремежи на Македонците и нивната ослободителна борба. | ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИЈА (1941-1944) | Никола Парапунов<br>Иван Козаров<br>Гроздан Николов<br>Никола Калапчиев<br>Крум Радионов<br>Георги Мадолев<br>Арсо Пандурски | Читање на текстови на Брајово писмо во врска со положбата на Македонците во Бугарија. |
| - Да знаат за положбата на Македонците под окупаторскиот систем;<br>- да знаат за начините на отпор и за организираната национално-ослободителна борба на Македонците;<br>- да знаат учеството на Македонците во заедничката антифашистичка борба со грчкиот народ. | ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА (1941-1944 ) | Лазо Трповски<br>Наум Пејов<br>Мирка Гинова<br>Прва егејска бригада<br>Македонска антифашистичка организација (МАО) | Читање на текстови на Брајово писмо во врска со положбата на Македонците во Грција.<br><br>Разговор за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ;<br>- да знаат за одлуките на Првото заседание на АСНОМ;<br>- - да знаат за односот на меѓународната јавност кон создавањето на македонската држава. | СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА | Методија Андонов Ченто<br>Панко Брашнаров<br>Емануил Чучков<br>АСНОМ<br>Декларација на АСНОМ<br>Лазар Колишевски<br>Устав на Народна Република Македонија<br>Химна „Денес над Македонија се раѓа“<br>Знаме и грб<br>Кодификација на македонски литературен јазик<br>Македонска азбука (31 буква)<br>Универзитет „Свети Кирил и Методиј“<br>Македонски народен театар<br>Научни институти<br>Македонска православна црква | подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ, како и за одлуките донесени на првото заседание.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со АСНОМ. |

| 6. СВЕТОТ, ЕВРОПА И БАЛКАНОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (Ориентационо 11 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - Да знаат за противречностите помеѓу големите сили и за блоковската поделба на светот;<br>- да знаат за формирањето на најважните европски асоцијации и нивната улога;<br>- да знаат за кризните жаришта во светот по Втората светска војна. | МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Маршалов план<br>Организација на обединетите нации (ООН)<br>Трибунал во Нинберг<br>Блоковска поделба на светот<br>Северноатлански пакт (НАТО)<br>Социјалистички блок – Варшавски пакт<br>Трет свет – Движење на неврзаните земји<br>Џавахарлал Нехру<br>Јосип Броз Тито<br>Гамал Абдел Насер<br>Европска економска заедница | Разговор за меѓународните односи по Втората светска војна.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Маршалов план<br>Организација на обединетите нации (ООН)<br>Трибунал во Нинберг<br>Блоковска поделба на светот<br>Северноатлански пакт (НАТО)<br>Социјалистички блок – Варшавски пакт<br>Трет свет – Движење на неврзаните земји<br>Џавахарлал Нехру |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Јосип Броз Тито<br>Гамал Абдел Насер<br>Европска економска заедница |
| - Да знаат за воспоставувањето на советскиот модел на социјализмот во источноевропските земји и за сталинизацијата на општествено-економските и политичките системи на источно-европските земји;<br>- да го сфатат процесот на десталинизација и распадот на социјализмот. | ПОДЕМ И КРИЗИ НА СОЦИЈАЛИЗМОТ | Никита Хрушчов<br>Александар Дупчек<br>Михаил Горбачов<br>Николае Чаушеску<br>Лех Валенса<br>Јуриј Гагарин<br>Нил Армстронг<br>„Берлински ѕид“<br>Синдикална организација „Солидарност“<br>Кадифена револуција | Разговор за подемот и кризите на социјализмот.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Никита Хрушчов<br>Александар Дупчек<br>Михаил Горбачов<br>Николае Чаушеску<br>Лех Валенса<br>Јуриј Гагарин<br>Нил Армстронг<br>„Берлински ѕид“<br>Синдикална организација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за политичките промени во балканските држави;<br>- да знаат за основните појави и процеси во општествено-економскиот живот на балканските држави;<br>- да знаат за состојбите со човековите права. | ОПШТЕСТВЕНО - ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРОМЕНИ НА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ | Јосип Броз Тито<br>Георги Димитров<br>Тодор Живков | „Солидарност“<br>Кадифена револуција<br><br>Разговор за општествено-економските и политичките промени на Балканските држави.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Јосип Броз Тито<br>Георги Димитров<br>Тодор Живков |
| - Да знаат за ослободувањето на Албанија и воспоставувањето на комунистичка власт; | АЛБАНИЈА ОД 1944-1990 г. | Енвер Хоџа | Разговор за положбата на Албанија од 1944 до 1990 година.<br><br>Истражување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да знаат за колективизацијата на албанското село;<br>- да знаат за меѓународните односи на Албанија;<br>- - да знаат за просветата и културата. | | | интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Енвер Хоџа. |
| - Да знаат за положбата на Албанците во рамките на внатрешното административно-територијално уредување на авнојска Југославија;<br>- да ги сфатат причините за иселувањето на | АЛБАНЦИТЕ ВО АВНОЈСКА ЈУГОСЛАВИЈА И ГРЦИЈА ОД 1945 – 1990 ГОДИНА | Александар Ранковиќ | Разговор за Албанвите во Авнојска Југославија и Грција.<br><br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Александар Ранковиќ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Албанците во Турција;<br>- да знаат за Брионскиот пленум (1966), за уставната положба според Уставот од 1974 година и за положбата во периодот 1981-1989;<br>- да знаат за положбата на албанското малцинство во Грција и односот на грчките власти кон истото. | | | |
| - Да знаат за развојот на основното и средното образование;<br>- да знаат за развојот | КУЛТУРНО – ПРОСВЕТНИОТ РАЗВИТОК НА АЛБАНЦИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА | Универзитет во Приштина<br>Виша педагошка школа во Скопје | Разговор за културно-просветниот развиток на Албанците во Југославија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на високото образование и научните институции.<br><br>- Да знаат за економската и политичката криза во Албанија при крајот на 80-те години;<br>- да знаат за причините за распаѓањето на југословенската федерација;<br>- да знаат за воспоставувањето на повеќепартиска парламентарна демократија во Албанија и во земјите на бившата СФРЈ. | ЈУГОСЛАВИЈА И АЛБАНИЈА ВО ПЛУРАЛИСТИЧКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ | | Разговор за Југославија и Албанија во плурaристичките и демократските процеси. |

| 7. МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (Ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - Да знаат за најважните мерки на стопанската политика и нивните последици за економскиот развој на Република Македонија;<br>- да знаат за етапите на развојот политичкиот систем до 1991 година. | ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ ПРИЛИКИ ВО МАКЕДОНИЈА | Методија Андонов Ченто<br>Димитар Влахов | Разговор за општествено-политичките и економските прилики во Македонија.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Методија Андонов Ченто<br>Димитар Влахов |
| - Да знаат за етничкиот состав на населението до 1991 година;<br>- да знаат за | ПОЛОЖБАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА И ЕТНИЧКИ ГРУПИ ВО МАКЕДОНИЈА ПО | Албанци<br>Турци<br>Срби<br>Роми<br>Власи | Читање на текстови на Брајово писмо во врска со етнилкиот состав на населението во Македонија во 1991 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| основните политичко-правни акти со кои се регулирале правата на националните малцинства и етнички групи во Македонија. | ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1944-1991) | Бошњаци | година. |
| - Да знаат за начинот на осамо-стојување на РМ;<br>- да знаат за промените во поли-тичкиот и економскиот систем;<br>- да знаат за меѓународните односи и меѓународната положба на РМ. | САМОСТОЈНА И НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА | Никола Кљусев<br>Киро Глигоров<br>Борис Трајковски | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Самостојноста и независноста на Македонија.<br>Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм во врска со Претседателите на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за процесот на осамостојување на МПЦ и нејзиниот однос со другите православни цркви;<br>- да знаат за организацијата и функционирањето на МПЦ. | МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА | Свети Климентова Охридска архиепископија<br><br>Господин господин Доситеј<br>Г.г. Ангеларij<br>Г.г. Гаврил<br>Г.г. Михаил | Република Македонија.<br><br>Разговор за Македонската православна црква. |
| - Да знаат за организационата поставеност на ИВЗ и на другите верски заедници во Македонија;<br>- да знаат за начинот на делување на верските заедници. | ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА И ДРУГИТЕ ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА | Исламски шеријат<br>Македонци Муслимани<br>Католичка верска заедница<br>Мајка Тереза | Разговор за исламската верска заедница и за другите верски заедници во РМ.<br>Истражување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за достигањата во сферата на образованието;<br>- да знаат за најважните научни институции;<br>- да знаат за најважните институции и достигања во областа на културата. | ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА | Македонски правопис<br>Македонска граматика<br>Речник на македонски јазик<br>Македонска радиотелевизија<br>Македонски народен театар<br>Театар на народностите<br>Кочо Рацин<br>Венко Марковски<br>Мите Богоевски<br>Ацо Шопов<br>Владо Малески<br>Ацо Караманов | интернет со примена на говорен звучен програм во врска со<br>Господин господин Доситеј<br>Г.г. Ангелариј<br>Г.г. Гаврил<br>Г.г. Михаил<br>Исламски шеријат<br>Македонци Муслимани<br>Католичка верска заедница<br>Мајка Тереза<br><br>Разговор за развојот на образованието, науката и културата во Макеоднија. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Развојот на основното и средното образование;<br>- развојот на високобразован научен кадар и на научните дејности;<br>- достигањата и придонесот на Албанците во културниот развој на РМ. | КУЛТУРНО-ПРОСВЕТЕН РАЗВОЈ НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1944-1991) | Албанолошка катедра на Филолошкиот факултет во Скопје<br>Луан Старова<br>Универзитет Југоисточна Европа<br>Тетовски универзитет | Разговор за културно просветниот развој на Албанците во Македонија во периодот од 1944 година до 1991 година. |
| - Да знаат за положбата на Македонците во Пиринска Македонија и за односот на бугарските власти кон нивните национални права и посебност; | ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ | Горна Џумаја (Благоевград)<br>ОМО „Илинден“ и ОМО „Илинден- Пирин“<br>Лазо Ангеловски<br>Македонски деца бегалци<br>Весници „Зора“ и „Нова зора“<br>Мала Преспа – Албанија | Истражување на интернет со примена на говорен звучен програм |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да знаат за положбата на Македонците во Егејска Македонија и за односот на грчката политика кон признавањето на нивната национална посебност;<br>- да знаат за положбата на Македонците во Албанија;<br>- да ги споредуваат правата на Македонците во соседните држави, во однос на правата на етничките заедници и во РМ. | | Голо Брдо - Албанија | во врска со положбата на Македонците во соседните држави. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Да знаат за причините за миграциите на населението од Македонија;<br>- да знаат за најголемите миграциони центри на македонските граѓани и за начинот на живот и прилагодување во новата средина;<br>- - да знаат за врските на иселениците со татковината. | ИСЕЛЕНИШТВОТО ОД МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | САД<br>Канада<br>Австралија<br>Западна Европа<br>Списание „Македонија“ | Разговор за иселенештвото од Македонија во светот по Втората светска војна. |

## Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби согласно, со видот и степенот на попреченоста, треба да да се практикува строго диференциран и индивидуализан пристап во рамките на воспитно - образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и секако академски постигнувања.

Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- Да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- За учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост на дозволува наставниците да планираа исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- Доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвување на индивидуален образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе: одделението, содржините како и целта на нивното повторно обработување.

Учениците со оштетен вид кај кои во целост се зачувани интелектуалните способности се во можност без проблеми да ја следат и совладуваат наставната програма за седмо одделение по предметот историја. Она во што ќе се разликува работата со нив од учениците врсници е употребата на специфички дидактички средства и методи кои ќе им овозможат полесно да ги совладаат содржините и целите поставени во оваа програма. За таа цел наставникот употребувајќи ја својата креативност во работата и следејќи ги новите трендови при работа со ученици со оштетен вид во својата работа освен специфичните наставни помагала (ТВ лупа, Брајова машина, текстови на Брајова азбука, текстови зголемени и затемнети, релјефни историски карти, сњелл тоуцх машина, баккум преси итн) во голема мера ќе го употреби и вербалниот метод како и методот на објаснување и разговор.
Учениците кои покрај оштетен вид имаат и друг проблем во развојот (пр. интелектуални потешкотии) ќе наидат на проблем при совладување на посложените и потешките делови од оваа програма. За таа цел наставникот треба да ги дозира содржините според нивните потреби и можности и индивидуално да им пристапи.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на наставната програма по историја намената за учениците од IX одделение, се поаѓа од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците.

Наставните содржини се изучуваат преку историјата на секојдневното живеење, културата, обичаите, а не преку војните. Наставникот ги поттикнува учениците да се запознаат и да ги сфатат историските процеси, а не инсистира на фактографско помнење на сите датуми од историскиот период што се разработува. Наставникот ја има во предвид специфичноста на учењето и работењето на учениците со оштетен слух.

*Насоки за меѓупредметно поврзување*

Оваа наставна програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањата на општествениот развој во историскиот период, а целите, содржините и активностите се компонирани за меѓусебно поврзување на одредени теми и содржини со наставните предмети од општествената група на науки (мајчин јазик, ликовна уметност, географија, општество, граѓанска кулутура и др.).

*Препораки за користење на годишниот фонд*

Препораките за годишниот фонд на часови се дадени само како ориентација заедно со конкретните цели и теми / содржини.

Предметниот наставник не се ограничува во прераспоредувањето на темите и содржините според потребите при реализацијата, туку сопствената креативност и поинаквото користење на часовите треба да го проценува според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитет на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

## Наставни средства:

- учебник по историја наменет за учениците од IX одделение по избор на училиштето, а одобрен од министерот за образование и наука;
- користење на пошироката околина, односно истражување на локалната средина на историски и географски објекти и остатоци на археолошки ископини од национална вредност;
- користење на историски карти, атласи, текстови, постери, фотографии, цртежи, карикатури, албуми, макети, хронолошки таблици итн.
- користење енциклопедии, речници, списанија итн.;
- користење аудио-визуелни средства - документарни и ТВ-филмови, Интернет, образовни софтвери итн

## 6 . ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Според поставените цели на наставната програма по историја наставникот ги спроведува односно во текот на наставниот процес редовно ги следи и вреднува знаењата и постигањата на учениците и ги прибира показателите за нивните активности, потоа мотивираноста за учење - оваа компонента е основен и составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

- За проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставниот материјал и наставните теми дадени во наставната програма, наставникот треба да ги има предвид следниве компоненти:

- начин на проверување и оценување:
  - усно излагање со користење на знаковен јазик;
  - презентација;
- други средства и постапки за следење и оценување:
  - наставни ливчиња;
  - ученички квиз;
  - играње на улоги.

Постигањата на учениците во текот на целата учебна година се оценуваат со бројчана оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште, а донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8 . НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на наставната програма по историја за IX одделение во основното деветогодишно образование предвидени се наставници со завршен:

-Завршени студии по историја наставна насока со дополнителна дефектолшка дообразба;

-Завршени студии по историја ненаставна насока со педагошко-психолошка и методска дообразба и дополнителна дефектолошка дообразба.

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Адаптираната наставната програма по историја за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Министер

Бр.12-15168/1
22.09.2015 година

________________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ирена Борисовска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор